РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2088/3
17-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 38-та седница, трето продолжение, одржана на ден 14.09. 2020 година донесе

## О Д Л У К А

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице ____________ член на совет на општина _____ поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстрани состојбата на судирот на интереси.

Предметот со број 09-5020/1 од 29.10.2019 година, да се затвори и да се архивира.

б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5020/1 од 29.10.2019 година е оформен врз основа на пријава поднесено од страна на ____________ до Државната комисија за спречување на корупцијата, против __________ член на совет на општина ______.

Во пријавата е наведено дека Градоначалникот на општина _______ донел решение со број.09-14162 од 10.10.2019 година, со кое за ВД директор на ОУ „_______" ________ го назначел членот на Советот на општина ____,__________ што е директна спротивност со член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба, согласно своите законски надлежности писмено се обрати до општина ______ за прибавување на потребните податоци и информации.

Од добиената документација доставена од општина Охрид е утврдено дека лицето _________ е разрешен од функцијата ВД директор на ОУ ________" ________ за што има доставено и копија од Решението за именување и разрешување за горенаведената функција.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од вака констатираната фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден 14.09.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи констатира дека во конкретниот предмет постапувањето се запира затоа што е отстранета состојбата на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
**Изработил:** Бесник Џемаиљи, советник
**Одобрил:** м-р Владимир Георгиев -член